ПРИЛОЗИ I

Прилог I. 1 Тековна состојба на правното лице од Централен регистар на Република Македонија-Трговски регистар и регистар на други правни лица, со наш број 0805-50/15112016001422 од 30.03.2016;

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Трговски регистар и регистар на други правни лица

www.crm.com.mk

Број: 0805-50/151120160001422
Датум и време: 30.3.2016 г. 08:33:58

ТЕКОВНА СОСТОЈБА

ЕМБС:	5156432
Целосен назив:	Друштво за градежништво,производство и инженеринг увоз-извоз ПЕЛАГОНИЈА АД Гостивар
Кратко име:	ПЕЛАГОНИЈА А.Д Гостивар
Седиште:	БРАЌА ГИНОСКИ ББ ГОСТИВАР, ГОСТИВАР
Вид на субјект на упис:	АД
Датум на основање:	14.2.2006 г.
Деловен статус:	Активен
*Вид на сопственост:	Недефинирана
ЕДБ:	4007997114417
Големина на субјектот:	среден
Организационен облик:	05.5 - акционерско друштво
Надлежен регистар:	Трговски Регистар

Вкупно основна главнина MKD:	0,00
Начин на плаќање:	408.267.00 евра, отплатени акции 351.519,00 евра

ЗАБЕЛЕШКА:
Согласно член 298 став 2 од Законот за трговските друштва (Сл.весник на РМ бр. 28/04, 84/05 и 25/07) промените на податоците наведени во оваа графа не се запишуваат во Трговскиот регистар.
Состојбата во врска со акционерите и други прашања поврзани со акционерството (терети, забрани и др.) ја води Централниот депозитар за хартии од вредност.

ВЕРНО НА ОРИГИНАЛОТ

Приоритетна дејност/ Главна приходна шифра:	42.99 - Изградба на други објекти од нискоградба, неспомнати на друго место
Евидентирани се дејности во надворешниот промет	

Други дејности:	Регистрирани дејности во надворешно-трговскиот промет

Овластени лица

ЕМБГ:	2709938473001
Име и презиме:	СМИЛКОВСКИ КРСТЕ
Адреса:	ЖЕЛЕЗНИЧКА бр. 1 ГОСТИВАР, ГОСТИВАР
Овластувања:	Генерален директор,занимање ВСС градежен инженер
Тип на овластување:	Неограничени овластувања во внатрешниот и надворешниот промет
Овластено лице:	Овластено лице

Извршен член на одбор на директори

ЕМБГ:	2709938473001
Име и презиме:	КРСТЕ СМИЛКОВСКИ
Адреса:	ЖЕЛЕЗНИЧКА бр. 1 ГОСТИВАР, ГОСТИВАР
Овластувања:	Извршен член на Одборот на директори,занимање:ВСС градежен инженер
Овластено лице:	Извршен член на одб на директ

Неизвршен член на одбор на директори

ЕМБГ:	0501966478011
Име и презиме:	ВАЛЕНТИНА СМИЛКОВСКА
Адреса:	ПИТАРНИЦА 1 ББ ГОСТИВАР, ГОСТИВАР
Овластувања:	Независен член на Одбор на директори,занимање:Виша економска
Овластено лице:	Неизвр. член на одб на директ.

ВЕРНО НА ОРИГИНАЛОТ

ПЕЛАГОНИЈА АД Гостивар

ЕМБГ:	0810959473031
Име и презиме:	АРСЕНИЈЕ ЛЕФКОСКИ
Адреса:	ТРИФКО АНДОНОСКИ бр.10 ГОСТИВАР, ГОСТИВАР
Овластувања:	Претседател на Одборот на директори,занимање :Виша економска
Овластено лице:	Неизвр. член на одб на директ.

[illegible]	
КОНТАКТ	
E-mail:	pelagonija_gv@hotmail.com

Напомена:

Во тековната состојба прикажани се само оние податоци за кои има запишана вредност.

*Видот на сопственоста се определува врз основа на својството на основачот/содружникот сопственикот и служи исклучиво за статистички цели на Државниот завод за статистика на Република Македонија

Изготвил:
Таска
Аксовска

Овластено лице:
Даниела
Страшеска
Стергиу

ВЕРНО НА ОРИГИНАЛОТ

Пелагонија
АД
Гостивар
1

Прилог I. 2 Имотен лист бр: 573 извод, катастарска општина РЕЧАНЕ, Р. Македонија, Агенција за катастар на недвижности 1105-3334/2015 од 05.03.2015.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ
1105-3334/2015 од 05.03.2015 12:14:15

Податоци за сертификатот на АКН на Р. Македонија
Издаден на: Elektronski salter
Издавач: KIBS Certificate Services CA
Сериски број: 25 88 e1 cf
Валиден до: 16.10.2015
Датум и час на потпишување: 05.03.2015 во 12:14:33
Документот е дигитално потпишан и е правно валиден

1105-3334/2015

ИМОТЕН ЛИСТ број: 573 ИЗВОД

Катастарска општина: РЕЧАНЕ

ЛИСТ А: ПОДАТОЦИ ЗА НОСИТЕЛОТ НА ПРАВОТО НА СОПСТВЕНОСТ

Ред бр.	ЕМБГ / ЕМБС	Име и презиме / Назив	Адреса / Седиште	Дел на недвижност	Правен основ на запишување	Бр. на пред. по кој е извршено запишување	Датум и час на запишување
1	***	РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА		1/1		11 / 11	14.10.2011

ЛИСТ Б: ПОДАТОЦИ ЗА ЗЕМЈИШТЕТО (КАТАСТАРСКА ПАРЦЕЛА) И ЗА ПРАВОТО НА СОПСТВЕНОСТ

Број на катастарска парцела		Викано место/улица	Катастарска		Површина во м2	Сопственост / сосопственост / заедничка сопственост	Право презмено при конверзија на податоците од стариот ел.систем	Бр. на овед. лист	Бр. на пред. по кој е извршено запишување	Датум и час на запишување
основен	дел		култура	класа						
1007		КРАСТА	31000		303293		831		11 / 11	14.10.2011
1007		КРАСТА	50000 2		29		831		11 / 11	14.10.2011
1007		КРАСТА	50000 3		28		831		11 / 11	14.10.2011
1007		КРАСТА	50000 4		18		831		11 / 11	14.10.2011
1007		КРАСТА	54000 1		215		831		11 / 11	14.10.2011

Г.Промени на други стварни права и други права чие запишување е утврдено со закон, прибележување на факти од влијание за недвижностите и предбележување

Г12. ОГРАНИЧУВАЊА И ПРИБЕЛЕЖУВАЊА преземени од стариот електронски систем

Број на катастарска парцела		Бр. на зграда	Влез/Кат/Број на посебен дел од зграда			Намена на посебен дел од зграда	Внатрешна површина во м2	Опис	Број на предмет по кој е извршено запишување	Датум и час на запишување
основен	дел		Влез	Кат	Број					
1007	0							КОНЦЕДЕНТ:ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА КОНЦЕСИОНЕР: ДРУШТВО ЗА ГРАДЕЖНИШТВО, ПРОИЗВОДСТВО И ИНЖЕНЕРИНГ УВОЗ-ИЗВОЗ ПЕЛАГОНИЈА АД ГОСТИВАР. РОК НА ТРАЕЊЕ НА КОНЦЕСИЈАТА 03.03.2030 ВИСИНА НА НАДОМЕСТОК ЗА КОНЦЕСИЈА : 39 000,00 ДЕН/ГОД. ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ПРОСТОРОТ. ПРАВЕН ОСНОВ НА ЗАПИШУВАЊЕТО: ДОГОВОР ЗА КОНЦЕСИЈА БР.24-5361/1 ОД 02.07.2008 ГОД	0 / 2011	14.10.2011 00:00:00

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ
1105-3334/2015 од 05.03.2015 12:14:15

1105-3334/2015

ИМОТЕН ЛИСТ број: 573 ИЗВОД
Катастарска општина: РЕЧАНЕ

Легенда на внесени шифри и кратенки:

Шифра	Опис
31000	ПРИРОД.НЕПЛ.ЗЕМ
831	ПРАВО НА СОПСТВЕНОСТ
50000	ПОД ЗГРАДА
54000	NAZIV 54000

Тип	Опис
Извод	Дел од содржината на имотниот лист за избраните парцели или згради

М.П.

Овластено лице:
Ивица Ставрески
име и презиме, потпис

Прилог I. 3 Решение за одобрување на Елаборат за заштита на животната средина бр. 11-4382/2 од 20.07.2016 година

Република Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

[redacted]

Република Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" бр.18,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

Архивски број: 11 - 4382/2

Дата: 20. 07. 2016

ДО: "ПЕЛАГОНИЈА " АД - Гостивар
Бул. Јордан Мијалков бр. 30/3/8
1000 Скопје

ПРЕДМЕТ: Доставување на Решение

Почитувани,

Во прилог на овој допис Ви го доставуваме Решението со број 11-4382/2, за одобрување на Елаборатот за заштита на животната средина за проект: Замена на стара асфалтна база со нова на локалитетот "Краста" на патниот правец Гостивар – Кичево, општина Гостивар , за потребите на инвеститорот "ПЕЛАГОНИЈА " АД - Гостивар .

Со почит,

МИНИСТЕР
Bashkim Ameti

Подготвил: Сашо Илиќ
Контролирал/Согласен: Александар Петковски
Одобрил: в.д.Директор на управа за животна средина
Даниел Ефтимов

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
Бр. 11-4382/2 од 20.07.2016 година
Скопје

Врз основа на член 24 став 7 од Законот за животна средина (Службен весник на Република Македонија бр.53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/2008, 83/2009, 48/2010, 124/2010, 51/2011, 123/2012 93/2013, 42/2014 , 44/2015 и 129/2015), постапувајки по барањето на "ПЕЛАГОНИЈА " АД - Гостивар на Бул. Јордан Мијалков бр. 30/3/8 од Скопје, за одобрување на елаборатот за заштита на животна средина број 11-4382/1 од 27.06.2016 година, Директорот на Управата за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање го издава следното

РЕШЕНИЕ

За одобрување на Елаборат за заштита на животна средина

1. Со ова Решение се одобрува Елаборатот за заштита на животната средина, со број 0202 од 24.06.2016 изготвен од страна на "ЕКО ЕНЕРЏИ АГРИ ДИЗАЈН" ДООЕЛ од Скопје, за проектот: Замена на стара асфалтна база со нова на локалитетот "Краста" на патниот правец Гостивар – Кичево, општина Гостивар , за потребите на инвеститорот "ПЕЛАГОНИЈА " АД - Гостивар .

2. Од доставената документација констатирано е дека со спроведување на проектот за замена на стара асфалтна база со нова на локалитетот "Краста" на патниот правец Гостивар – Кичево , нема да има значителни влијанија врз животната средина.

3. Инвеститорот се задолжува целосно и без исклучоци да се придржува кон пропишаниот режим и мерки за заштита предвидени во Елаборатот за заштита на животна средина, како и кон дополнителни решенија доколку низ изградбата и работата на објектот се покаже потреба од зголемен обем и вид на превенција.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

Образложение

Од Ваша страна беше доставен Елаборат за заштита на животната средина за проектот: Замена на стара асфалтна база со нова на локалитетот "Краста" на патниот правец Гостивар – Кичево, општина Гостивар , за потребите на инвеститорот "ПЕЛАГОНИЈА " АД - Гостивар .

Локацијата за замена на старата асфалтна база е на КП бр.1007, КО Речане, м.в. Краста во општина Гостивар.

Предметниот Елаборат за заштита на животната средина е изготвен согласно Правилникот за формата и содржината на Елаборатот за заштита на животната средина согласно со видовите на дејностите или активностите за кои се изработува елаборат, како и согласно со вршителите на дејноста и обемот на дејностите и активностите кои ги вршат правните и физичките лица, постапката за нивно одобрување како и начинот на водење на регистарот за одобрени Елаборати (Службен весник на Република Македонија бр. 44/2013) , од страна на " ЕКО ЕНЕРЦИ АГРИ ДИЗАЈН " ДООЕЛ" од Скопје.

Правна поука: против ова Решение може да се поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до министерот за животна средина и просторно планирање.

Подготвил: Сашо Илиќ
Контролирал/Согласен: Александар Петковски

в.д. директор на
Управа за животна средина
Даниел Ефтимов

Прилог I. 4 Договор за концесија за експлоатација бр. 24-5706/1 од 13.11.2014 година

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА
Бр. 24-5706/1
13. 11 2014 год.
СКОПЈЕ

31 05-2821
12 14

Врз основа на член 139 од Законот за минерални суровини ("Службен весник на Република Македонија" бр. 136/12, 25/13, 93/13, 44/14 и 160/14)

1. ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
застапувана од Министерот за економија
Bekim Neziri
(во натамошниот текст: концедент)
и
2. Друштво за градежништво, производство и инженеринг увоз-извоз ПЕЛАГОНИЈА АД Гостивар
со адреса: Браќа Гиноски бб Гостивар, Република Македонија
застапувано од лицето Крсте Смилковски
(во натамошниот текст: концесионер)

на ден __________ 2014 година во Скопје, склучија:

ДОГОВОР ЗА КОНЦЕСИЈА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНА СУРОВИНА –ГРАДЕЖНОТЕХНИЧКИ КАМЕН МЕРМЕРИЗИРАН ВАРОВНИК НА ЛОКАЛИТЕТОТ "КРАСТА", ОПШТИНА ГОСТИВАР И ОПШТИНА МАВРОВО

Член 1
Предмет на усогласување

Со овој договор се врши усогласување на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина–градежнотехнички камен мермеризиран варовник на локалитетот "Краста", општина Гостивар бр.24-5361/1 од 02.07.2008 година, склучен помеѓу Владата на Република Македонија и Друштво за градежништво, производство и инженеринг увоз-извоз "ПЕЛАГОНИЈА" АД Гостивар со Законот за минерални суровини ("Службен весник на Република Македонија" бр. 136/12, 25/13, 93/13, 44/14 и 160/14).

Член 2
Предмет на договорот

Предмет на овој договор е уредување на правата и обврските на Концедентот и Концесионерот кои произлегуваат од доделувањето на Концесијата за експлоатација на минералната суровина – градежнотехнички камен мермеризиран варовник на локалитетот "Краста", општина Гостивар и општина Маврово.

Со овој договор се уредуваат целта и предметот на концесијата, рокот на важење на концесијата, површина на просторот на кој се доделува

концесијата за експлоатација, висината и начинот на плаќање и пресметување на надоместокот за концесијата, условите за вршење на концесијата, начинот и рокови за поднесување на сметки и финансиски или други извештаи во врска со извршената експлоатација на минерални суровини од страна на концесионерот, начинот на вршење на надзор и инспекција на концесијата, условите за продолжување на важење на концесијата/договорот, начинот на решавање на споровите, начин и услови под кои се одзема концесијата, како и други услови соодветни на предметот на концесијата.

Член 3

Рок на важење на концесијата

Концесијата од член 2 на овој договор ќе важи до истекот на периодот за кој е доделена концесијата, а заклучно со 03.03.2030 година, со можност за продолжување за уште еден период од 30 години.

Член 4

Простор на кој се доделува концесијата

Просторот на кој е доделена концесијата од член 2 на овој договор се наоѓа на локалитетот "Краста", општина Гостивар и општина Маврово и го зафаќа просторот ограничен со точки, дефинирани со координати. Точките на координатите меѓусебно се поврзани со прави линии како што се дадени на Топографската карта приклучена кон овој договор во мерка М = 1 : 25 000 во Гаус-Кригерова проекција, и тоа:

Точка	Координата Y	Координата X
Т-1	7486685	4622085
Т-2	7486793	4622292
Т-3	7487165	4622270
Т-4	7487724	4621880
Т-5	7487540	4621615
Т-6	7487280	4621540
Т-7	7486901	4622038

Површината на просторот на концесијата за експлоатација од став 1 од овој член изнесува Р= 0.389810 km^2 /квадратни километри/.

Член 5

Имотно правни односи

Заради експлоатација на минералната суровина, предмет на овој договор, концесионерот е должен да го реши прашањето на користење на земјиштето на кое ќе се врши експлоатација на минералните суровини, предмет на овој

договор.

Доколку просторот во кој ќе се експлоатира минералната суровина е опфатен со шуми, концесионерот е должен да го извести Јавното претпријатие за стопанисување со шуми "Македонски шуми"-Скопје.

Член 6

Обврски за заштита на водите

Правното или физичкото лице кое при вршењето на експлоатација на минералната суровина и други активности на ископување на земјиштето наиде на подземни води (извори на води, истечни и непроточни води) е должно веднаш да изврши заштита на подземната вода, најдоцна во рок од 24 часа од пронаоѓањето и за тоа да го извести органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина.

Експлоатацијата на минералната суровина треба да се врши надвор од крајбрежниот појас во широчина од 50 метри зад линијата на допирање на педесетгодишната вода кај нерегулираните водотеци односно зад ножицата на насипот кај регуларните водотеци.

При експлоатација не смее да се предизвика било какво оштетување или нарушување на функционалноста на водостопанските објекти ако се наоѓаат на самиот локалитет или во негова близина.

Да се превземат сите неопходни технички мерки за спречување на индиректно испуштање на масла и загадувачки материи и супстанции.

Потребно е да се предвиди механички и биолошки третман на отпадните води од објектите за комерцијална и деловна намена.

При експлоатација не смее да се предизвикаат негативни влијанија врз површинските и подземните води на наоѓалиштето или во неговата околина, ниту пак со пристапните патишта кои се наменети за функцијата на ова наоѓалиште. Доколку дојде до евентуално нарушување на режимот на водите, инвеститорот е должен најитно да превземе мерки за отстранување на таквата состојба.

Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на водите согласно важечките законски прописи издава дозволи за користење на вода како и дозволи за испуштање на отпадни води.

Член 7

Сообраќајна инфраструктура

Концесионерот е должен да обезбеди сообраќајна согласност за приклучок на јавен пат на начин и под услови утврден со закон.

Концесионерот потребно е да превзема мерки за спречување на недозволени дејствија на патот, патниот и заштитниот појас. Широчината на заштитниот појас на автопатот на кој не можат да се градат објекти или изведуваат градежни работи кои не се во функција на патот изнесува 40 метри, на

магистрални и регионални патишта изнесува 20 метри , а на општински патишта изнесува 10 метри.

Концесионерот корисник на концесионото поле во текот на експлоатционииот период да не го зафаќа: патот (коловозот), како и патниот појас со било каков граѓежен материјал и механизација.

Сите трошоци за санирање при евентуално појавените деформации на патот (коловозот) и патниот појас, при експлоатација на минералните суровини, предмет на овој договор или од движење и работа на механизацијата од патната инфраструктура, ќе паднат на товар на имателот на концесионото поле.

Член 8

Обврски за заштита на животната средина

Експлоатацијата на минерални суровини концесионерот е должен да ја врши согласно пропишаниот режим и мерки за заштита дефинирани во елаборатот за заштита на животната средина, како и кон дополнителните решенија доколку во текот на експлоатацијата се покаже потреба од зголемен обем и вид на превенција.

Концесионерот е должен да се придржува кон законот за минерални суровини, законот за животната средина и другите прописи од областа на животната средина.

Член 9

Пренос на концесијата

Концесијата за експлоатација може да се пренесува само во целост на начин и под услови утврдени со закон.

Со преносот на концесијата, концесионерот ги стекнува правата и обврските кои произлегуваат од издадените дозволи и одобренија од надлежните органи, во смисла на овој и друг закон, а што се поврзани со експлоатација на минералните суровини кои се предмет на концесијата за експлоатација.

За преносот на концесијата концедентот и концесионерот склучуваат договор за пренос на концесијата.

Концесионерот не смее да ја даде под закуп концесијата за експлоатација на минерални суровини.

Член 10

Почеток на експлоатација

Со експлоатација на минералната суровина – градежнотехнички камен мермеризиран варовник може да се отпочне откако на концесионерот ќе му се издаде Дозвола за експлоатација на начин и под услови утврдени со закон.

Член 11

Надоместоци за концесијата

Заради користење на просторот односно на површината на која е доделена концесијата за експлоатација на минерална суровина концесионерот на концедентот е должен да му плаќа концесиски надоместок под услови, на начин и во износ определен согласно важечкиот Тарифник за утврдување на висината на надоместоците за издавање на дозволи и концеси за вршење на детални геолошки истражувања и концесии за експлоатација на минерални суровини.

За експлоатација на минералната суровина – градежнотехнички камен мермеризиран варовник на локалитетот "Краста", општина Гостивар, концесионерот е должен на концедентот да му плаќа концесиски надоместоци за експлоатација под услови, на начин и во висина определени согласно важечкиот Тарифник за утврдување на висината на надоместоците за издавање на дозволи и концесии за вршење на детални геолошки истражувања и концесии за експлоатација на минерални суровини. Концесискиот надоместок заради користење на простор на кој е доделена концесијата за експлоатација, Концесионерот е должен да го плаќа за секоја година пооделно, а најдоцна до 31 декември во тековната година. Концесионерот е должен обрската за плаќање на концесискиот надоместок заради користење на простор на кој е доделена концесијата за експлоатацијата на минерални суровини е должен да ја плаќа за целиот период на траење на концесијата.

Плаќањето на концесискиот надоместок за продадената количина на минерална суровина се врши на секои три месеци, односно Концесионерот е должен плаќањето на овој надоместоци да го изврши најдоцна до 15-ти во месецот кој што следи, а по истекот на трите месеци кои служат како основа за пресметка.

Доколку Концесионерот задоцни со наплатата на концесискиот надоместок, покрај главнината му се пресметува и законска казнена камата, согласно Законот за облигациони односи.
На долгуваниот износ на концесики надоместок се наплатува законска казнена камата, од датумот на истекување на пропишаниот рок се до датумот на плаќање, а која стапка се определува за секое полугодие и тоа во висина на каматната стапка од основниот инструмент од операциите на отворен пазар на НБРМ (референтна стапка), што важела на последниот ден од полугодието што му претходело на тековното полугодие, зголемена за десет процентни поени, за соодветниот период.

Надоместоците од овој член се уплатуваат на соодветна уплатна сметка во рамките на Трезорската сметка.

Член 12

Надомест на штета

Концесионерот е должен во целост да ги надомести штетите причинети на трети лица настанати при експлоатација на минералните суровини, како и штетите предизвикани врз животната средина на начин и под услови утврдени со закон.

Член 13

Обезбеден пристап за посебни потреби

Преку концесискиот простор, може да се градат јавни патишта, железнички пруги и други сообраќајници, електрични водови, водоводи, нафтоводи и гасоводи под услови утврдени со закон.

Доколку низ концесискиот простор поминуваат инфраструктурни објекти (пат, далновод и друго), концесионерот не смее да ги уништува и загрозува истите и е должен да го овозможи нивното користење од страна на други лица.

Доколку се работи за изведување на инфраструктурни објекти од јавен интерес (пат, далновод, железнички пруги, водостопански објекти и други објекти од јавен интерес) во концесискиот простор, тие можат да се градат доколку имателот на дозвола за градба во текот на градбата обезбеди услови за непречена и безбедна експлоатација на минералните суровини.

Член 14

Обврски на концесионерот при експлоатација на минералните суровини

По добивањето на дозвола за експлоатација, концесионерот при изведување на рударските работи за експлоатација на минералните суровини е должен:

- во целост да ги почитува и применува обврските утврдени со закон и
- доколку во процесот на експлоатација бидат откриени, објекти, односно предмети (целосно зачувани или фрагменти) од материјалната култура на Република Македонија концесионерот е должен веднаш да ги прекине работите и да ја извести Управата за заштита на културното наследство согласно важечките законски прописи.

Концесионерот при изведување на рударските работи и вршењето на експлоатација на минерални суровини е должен на локацијата каде што тие се вршат да има дозвола за експлоатација на минерални суровини и друга документација утврдена со закон.

Концесионерот при изведување на рударските работи и вршењето на експлоатација на минерални суровини е должен да врши класификација и прекатегоризација на рудните резерви.

Член 15

Безбедност и заштита при работа

Заради безбедност на животот и здравјето на работниците, концесионерот или изведувачот на експлоатацијата на минерални суровини е должен навремено да ги спроведува мерките за безбедност при работа односно да ја организира и уреди заштитата при работа со акт согласно со специфичните услови и опасности во објектите на начин и под услови утврдени со овој закон и законот за безбедност и здравје при работа.

Концесионерот или изведувачот при експлоатацијата на минералните суровини при изведувањето на рударските работи и вршење на надзор е должен да обезбеди технички надзор и водење на работите на изведувањето на рударските работи според рударските проекти, техничките прописи, како и според прописите за заштита при работа на начин утврден со закон.

Концесионерот кој управува со инсталација за управување со отпад треба да назначи одговорно лице кое е одговорно за надзор над програмата за спечување на значителни опасности.

При изведување на рударски работи, концесионерот или изведувачот мора да превземе мерки заради заштита на животот и здравјето на граѓаните, недвижните и движните предмети на начин и под услови утврдени со закон.

Концесионерот или изведувачот, кој изведува рударски работи каде што постои опасност од пожар, експлозија, појава на отровни гасови, или пак можности од навлегување на гасови, вода и тиња, мора да организира служба за спасување и служба за против пожарна заштита во согласност со закон.

Член 16

Времено запирање на експлоатацијата и изведување на рударските работи

Концесионерот е должен временото прекинување на изведувањето на рударски работи при експлоатација на минералните суровини поради непредвидени причини (Виша Сила дефинирана согласно закон, појава на гас или дополнителни количини на вода, горски удари, јамски пожари, пореметување на главни патишта за проветрување и одводнување, лизгање на терен и слично) да го пријави до органот на државната управа надлежен за работите од обласга на минералните суровини и Државниот инспекторат за техничка инспекција најдоцна 24 часа по запирање на работите, а во случај на сериозни опасности веднаш.

Ако концесионерот планира времено запирање на работите повеќе од шест месеци во тековната година потребно е најмалку 30 дена пред временото запирање да го извести Државниот инспекторат за техничка инспекција, и да изврши рударски мерења на состојбите, како и дополнување на рударските планови, да направи записник за причините за престанување на работите и за опасностите кои можат да настанат во текот на запирањето и при

повторниот почеток на работите. Временото запирање на изведувањето на рударски работи не може да трае подолго од една година.

Доколку концесионерот не продолжи со експлоатација на минералните суровини по рокот определен во став (2) од овој член, истиот е должен да изготви дополнителен проект во согласност со закон.

Концесионерот во периодот на временото прекинување на рударските работи, е должен редовно да ги одржува јамските простории и објекти во стабилна, сигурна и безбедна состојба.

Член 17
Надзор над концесијата

Концедентот врши постојан и редовен надзор на начинот и вршењето на концесиската дејност и почитувањето на обврските од овој договор од страна на концесионерот во согласност со закон.

Концедентот има право да овласти надлежен орган или друга независна институција да врши постојан надзор во извршувањето на обврските на концесионерот во текот на траењето на концесијата.

Член 18
Престанок на концесијата

Концесијата за експлоатација на минерални суровини престанува да важи во случај на:

- истекот на рокот за периодот на кој била доделена концесијата;
- едностран раскин на договорот за концесија од страна на концедентот;
- едностран раскин на договорот за концесија од страна на концесионерот,
- стечај или ликвидација на концесионерот и
- во други случаи утврдени со закон.

Во случај на престанок на концесијата за експлоатација, престануват да важат сите дозволи, решенија и одобренија сврзани со овој Договор за концесија за експлоатација на минерални суровини.

Член 19
Еднострано раскинување на концесијата за експлоатација на минерални суровини од страна на концедентот

Концедентот може еднострано да го раскине договорот за концесија во случај кога:

- концесионерот ќе го пренесе предметот на концесија за експлоатација на минерални суровини на друг концесионер без согласност на концедентот;
- кај концесионерот ќе настапи состојба на присоединување, спојување и поделба без добиена писмена согласност од концедентот;

- ќе се изврши пренос на акции или удели кај концесионерот на кој му е доделена концесија за експлоатација кои поединечно или во збир би довеле до промена на управувачкиот пакет во друштвото без претходна писмена согласност на концедентот на начин утврден со закон;
- концесионерот ќе го издаде предметот на концесија под закуп;
- концесионерот ќе отпочне со експлоатација на минералните суровини пред да добие дозвола за експлоатација;
- концесионерот не постапил по изречените мерки во постапката на надзор согласно со закон;
- концесионерот не поднесе барање за издавање на дозвола за експлоатација во рокот определен со закон;
- концесионерот не започнал со експлоатација на минералните суровини во рок определен со закон, освен во случај на настанување на виша сила;
- концесионерот не ги платил концесиските надоместоци за доделената концесија на начин и под услови утврдени со закон и прописите донесени врз основа на законот;
- концесионерот не извршил геодетско снимање и не изготвил геодетски елаборат со пресметка на откопаните колични на минерални суровини или пак геодетскиот елаборат не го доставил до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини во текот на две години послеователно;
- концесионерот не доставува вистинити податоци за содржината на минералните суровини во концентратите односно металите кои се добиваат во процесот на нивна преработка;
- концесионерот прекинал со изведување на рударските работи подолго од една година,
- концесионерот не се придржувал кон решенијата и мерките во однос на заштитата на животната средина утврдени со прописите од областа на животната средина и
- во други случаи утврдени со закон.

Член 20

Еднострано раскинување на концесијата за експлоатација на минерални суровини од страна на концесионерот

Концесионерот може еднострано да го раскине договорот за концесија кога:

- концедентот не ги извршува обврските кои произлегуваат од договорот;
- концедентот извршил битна повреда на одредбите од договорот или на законите и прописите што се применуваат на договорот,
- концесионерот нема економски интерес за понатамошно извршување на концесијата за експлоатацијата и

- во други случаи утврдени со закон.

Член 21
Враќање на документација

Во случај на раскинување на овој договор, концесионерот е должен целокупната техничка документација во врска со концесијата и проектот да ги достави до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини, веднаш по раскинувањето на истиот.

Член 22
Решавање на спорови

Договорните страни се согласни споровите настанати во врска со примената на овој договор да ги разрешат спогодбено.

Во случај спорот да не може да се разреши спогодбено, договорните страни се согласни спорот да го решаваат пред надлежниот суд во Скопје.

Член 23
Измени на Договорот

Овој договор може да биде изменет само со Анекс кон овој договор во писмена форма.

Член 24
Целост на Договорот

Составен дел на овој договор е и Топографската карта дадена во прилог на овој договор.

Член 25
Број на оригинални примероци

Овој договор е склучен во 7 (седум) еднообразни примероци, по четири примероци за Концедентот и по три примероци за Концесионерот.

Член 26

Овој договор влегува во сила со денот на неговото склучување од договорните страни.

Член 27

Со денот на влегување во сила на овој договор престанува да важи Договорот за концесија за експлоатација на минералната суровина – градежнотехнички камен мермеризиран варовник на локалитетот "Краста", општина Гостивар бр.24-5361/1 од 02.07.2008 година, склучен помеѓу Владата на Република

Македонија и Друштво за градежништво, производство и инженеринг увоз-извоз "ПЕЛАГОНИЈА" АД Гостивар.

За Концедентот
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕР ЗА ЕКОНОМИЈА
Bekim Neziri

За Концесионерот
Друштво за градежништво,
производство и инженеринг
увоз-извоз ПЕЛАГОНИЈА АД
Гостивар
Крсте Смилковски

Изработил: Александра Митреска
Контролирал: м-р Јетон Кучи
м-р Костадин Јованов
м-р Ејуп Љатифи
Согласен: Анета Димовска

Топографска карта на концесиски простор

1:25000

Локалитет: Краста-Гостивар и Маврово

Минерална суровина: Мермеризиран варовник

Површина = 0.389810 км2



T	Y	X
1	7486685	4622085
2	7486793	4622292
3	7487165	4622270
4	7487724	4621880
5	7487540	4621615
6	7487280	4621540
7	7486901	4622038

Прилог I. 5 Извод од катастарски план бр 1109-1693/2015 од 04.03.2015 година

Одделение за катастар на недвижности Гостивар

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ
1109-1693/2015 од 04.03.2015 14:48:32

Податоци за сертификатот на овластеното лице
Сертификатот е издаден на: Јованка Костоска
Издавач: KIBS Qualified Certificate Services CA
Сериски број: d263001d
Валиден до: 11.12.2015

Издавач: KIBS Qualified Certificate Services CA
Сериски број: d263001d
Датум и час на потпишување: 05.03.2015 во 10:52:17
Документот е дигитално потпишан и е правно валиден

1109-1693/2015

ИЗВОД ОД КАТАСТАРСКИ ПЛАН

Размер на планот

Катастарска општина 65 РЕЧАНЕ

Катастарска парцела 1007/0



Овластено лице

М.П. Јованка Костоска

(име и презиме, потпис)